**************************************************************************************************

# ОПШТИНА КРАТОВО
# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРАТОВО

*Број 6 Година 2026*
*14.05.2026 година*
*Кратово*

*Претплата за 2026 година*
*изнесува ______________ денари*
*Тек. Сметка бр. ______________*

**************************************************************************************************

## Содржина Стр.


- Заклучок за објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Кратово за 2026 година.......1
- Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Кратово за 2026 година.......1,2
- Заклучок за објавување на Решение за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи.......3
- Решение за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи.......3
- Заклучок за објавување на Решение за разрешување на член на Управниот одбор на Јавна установа Центар за социјална работа-Кратово .......4
- Решение за разрешување на член на Управниот одбор на Јавна установа Центар за социјална работа-Кратово.......4
- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на ЛЕАП 2026-2030.......5
- Одлука за усвојување на ЛЕАП 2026-2030.......5
- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Општински енергетски план за 2027 година.......6
- Одлука за усвојување на Општински енергетски план за 2027 година.......6
- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на измена на Годишна програма за активностите на општина Кратово во областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2026 година.......7
- Одлука за усвојување на измена на Годишна програма за активностите на општина Кратово во областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2026 година.......7
- Заклучок за објавување на Одлука за доделување на помош од буџетот на општина Кратово.......8
- Одлука за доделување на помош од буџетот на општина Кратово.......8
- Заклучок за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства како помош за прослава на настан-Полуматура за учениците од ООУ Кочо Рацин-Кратово.......9
- Одлука за доделување на финансиски средства како помош за прослава на настан-Полуматура за учениците од ООУ Кочо Рацин-Кратово.......9
- Заклучок за објавување на Решение за разрешување на член на општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Кратово.......10
- Решение за разрешување на член на општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Кратово.......10

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 14.05.2026 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Кратово за 2026 година**

1.Се објавува: Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Кратово за 2026 година, **бр.09-730/1**, донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.05.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-730/2 -
14.05.2026година
Кратово

Градоначалник
на општина Кратово
Тодорче Николовски

с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот з локалната самоуправа ("Службен весник на Р Македонија бр.5/2002) и член 34 од Законот з буџетите ("Службен весник на Р.Македонија бр.64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/201( 180/2011, 171/2012, 192/2015, 167/2016 и „Службе весник на Република Северна Македонија бр.151/21 87/22, 03/25) Советот на општина Кратово н деветтата седница одржана на ден 13.05.202 година донесе:

## О Д Л У К А

**за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кратово за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средстват на Буџетот на Општина Кратово за 2025 година н следниот начин:

| Потпрограма Потставка | Самофин. | Дотациии | Донации | Кредит |
|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки: | | | | |
| N1 | | | | |
| 741114 Пренесен вишок од претходната година | 0 | 8.585.479 | 0 | 0 |
| | 0 | 15.074.308 | 0 | ( |
| N2 | | | | |
| 741114 Пренесен вишок од претходната година | 0 | 6.488.829 | 0 | 0 |
| | 0 | 15.074.308 | 0 | ( |
| и се распоредуваат на следните расходни потставки | | | | |
| N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | | | | |
| 401130 Основни плати-други вработени | 0 | 100.000 | 0 | ( |
| 401320 Персонален данок на доход од надоместоци | 0 | 13.000 | 0 | 0 |
| 404110 Надомест за годишен одмор | 0 | 100.000 | 0 | ( |
| 420140 Патување во земјата-споредни расходи | 0 | 20.000 | 0 | ( |
| 421110 Електрична енергија | 0 | 300.000 | 0 | 0 |
| 421240 Течни горива | 0 | 500.000 | 0 | 0 |
| 421410 Горива и масла (моторни возила) | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 423110 Канцелариски материјали | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 423710 Средства за одржување на хигиена | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 424210 Одржување на згради | 0 | 4.722.479 | 0 | 0 |
| 425990 други договорни услуги | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 426410 Објавување на огласи | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 464990 Други трансфери | 0 | 550.000 | 0 | 0 |
| 480140 Купување на информатичка И видео опрема | 0 | 1.000.000 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 480190 Купување на друга опрема | 0 | 400.000 | 0 | 0 |
| 482910 Подготвување проекти вклучувајќи Дизајн на други објекти | 0 | 150.000 | 0 | 0 |
| 482940 Надзор над изградбата | 0 | 100.000 | 0 | 0 |

**N20 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 401310 Персонален данок на доход од плата | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 401320 Персонален данок на доход од надоместоци | 0 | 2.000 | 0 | 0 |
| 404110 Надомест за годишен одмор | 0 | 32.000 | 0 | 0 |
| 420120 Патување во земјата патни расходи | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 420130 Патување во земјата сместување | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 420140 Патување во земјата споредни расходи | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 421110 Електрична енергија | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 421120 Водовод и канализација | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 421240 Течни горива | 0 | 1.000.000 | 0 | 0 |
| 421410 Горива и масла моторни возила | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 423990 Други материјали | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 424190 Поправки на други возила | 0 | 300.000 | 0 | 0 |
| 424210 Одржување на згради | 0 | 3.000.000 | 0 | 0 |
| 424420 Поправки и одржување на Софтверска и хардверска опрема | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 424440 Поправки и одржување на друга опрема | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 426210 расходи за репрезентација | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 426310 Семинари и конференции | 0 | 15.000 | 0 | 0 |
| 426410 Објавување на огласи | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 464990 Други трансфери | 0 | 350.000 | 0 | 0 |
| 480140 Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 809.829 | 0 | 0 |
| 482910 Подготвување проекти вклучувајки и дизајн на други објектти | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 482940 Надзор над изградбата | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 483110 Купување на канцелариски мебел | 0 | 70.000 | 0 | 0 |
| | 0 | 15.074.308 | 0 | 0 |

**Член 2**

Се овластува стручната служба да изврши конечно усогласување на планираните и извршените позиции во Буџетот на општина Кратово.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово", а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кратово".

Бр.09-730/1
13.05.2026г.
Кратово

Претседател на Совет
на општина Кратово
Љупчо Спиров, с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 14.05.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за објавување на Решение за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи

1.Се објавува: Решение за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи, бр.09-736/1, донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.05.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-736/2
14.05.2026година
Кратово

Градоначалник
на општина Кратово
Тодорче Николовски, с.р

Врз основа на член 143 став 1 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ„ бр: 36/04, 49/04, 86/08, 85/09, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 106/16 и 83/18 и Службен весник на РСМ„ бр: 215/21, член 36 (став 1) точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр: 5/02, и „Службен весник на РСМ „ бр: 202/24), а согласно член 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово („Службен гласник на општина Кратово„ бр: 10/19), Советот на општина Кратово на седницата оддржана на ден 13.05.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и**
**други несреќи**

1. Со Решението, Советот на општина Кратово формира Комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи кои можат да настанат на територијата на општина Кратово.
2. Во Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи која брои 10 (десет) членови се определуваат лица од повеќе области и струки кои ќе вршат процена и утврдување на штетите во зависност од која сфера настанале, а влегуваат следните лица:
    - Цане Анчов-Општина Кратово,
    - Драган Зафировски-општина Кратово,
    - Викторија Аритонова-општина Кратово,
    - Тони Христов-општина Кратово,
    - Тони Иванов-општина Кратово,
    - Ирена Стоилкова-ЈП„ Национални шуми„ подружница Шумско стопанство Кратово,
    - Ивана Марковска-Државен инспекторат за земјоделство,
    - Љупчо Иванов-доктор по ветеринарна медицина,
    - Тони Ивановски-ПО Регионален центар за управување со кризи Кратово,
    - Суза Јовановска-МЗШВ-подрачна единица Кратово.
3. Комисијата во зависност од видот на настанатата штета ќе биде ангажирана во обем и потреба која што ќе ја оцени Градоначалникот на општина Кратово.
4. Со посебно Решение донесено од Градоначалникот на општина Кратово во Комисијата можат да бидат вклучени и

други стручни лица кои можат да помогнат во работата на Комисијата.

5. Надоместокот на ангажираните членови на Комисјата во зависност од обемот на ангажирањето ќе го определи Градоначалникот на општина Кратово.
6. Стручните и административните работи во Комисијата ќе ги води и извршува Одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животна средина и ЛЕР при општина Кратово.
7. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на општина Кратово,,.
8. Со влегување во сила на ова Решение, престанува важноста на Решението со бр: 09-1063/1 од 30.08.2021 година и Решението со бр: 09-1109/1 од 28.07.2023 година, донесени од Советот на општина Кратово.

| | |
|---|---|
| Бр:09-736/2 | Претседател на Совет |
| 13.04.2026 година | на општина Кратово |
| Кратово | Љупчо Спиров, с.р |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 14.05.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за објавување на Решение за разрешување на член на Управниот одбор на Јавна установа Центар за социјална работа-Кратово

1.Се објавува: Решение за разрешување на член на Управниот одбор на Јавна установа Центар за социјална работа-Кратово, **бр.09-734/1**, донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.05.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-734/2 | **Градоначалник** |
| 14.05.2026година | **на општина Кратово** |
| Кратово | Тодорче Николовски, с.р |

Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 36 став 1 и точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а согласно член 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/19), а во врска со Решение за предлагање на член на Управниот одбор на Јавна установа Центар за социјална работа - Кратово бр.09-1410/1 од 31.10.2024 година, Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 13.05.2026 година, донесе

РЕШЕНИЕ

за разрешување на член на Управниот одбор на Јавна установа Центар за социјална работа-Кратово

1. Со Решението, Советот на општина Кратово ја разрешува Катерина Пешевска, вработена во Општина Кратово како дипломиран јавен администратор, од функцијата член на на Управниот одбор на Јавна установа Центар за социјална работа-Кратово, предложена од страна на Советот на општина Кратово со Решение за предлагање на член на Управниот одбор на Јавна установа Центар за социјална работа - Кратово бр.09-1410/1 од 31.10.2024 година .

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

| | |
|---|---|
| Бр.09 -734/1 | Претседател на Советот |
| 13.05.2026година | на општина Кратово |
| Кратово | Љупчо Спиров, с.р |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 14.05.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за усвојување на Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) 2025-2030

1.Се објавува: Одлука за усвојување на Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) 2025-2030, бр.09-732/1, донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.05.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-732/2 — Градоначалник
14.05.2026година — на општина Кратово
Кратово — Тодорче Николовски, с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024), членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" 10/2019) , а во врска со член 60 став 2 од Законот за животната средина ((„Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на РСМ" бр.89/22, 171/22, 3/25, 124/25), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.05.2026 година, донесе

О Д Л У К А

за усвојување на Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) на општина Кратово (2025-2030)

Член 1

Со Одлуката Советот на општина Кратово го усвојува Локалниот акционен план за животна средина (ЛЕАП) на општина Кратово (2025-2030).

Локалниот акционен план за животна средина (ЛЕАП) е во прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-732/1 — Претседател на Советот
13.05.2026 година — на општина Кратово
Кратово — Љупчо Спиров, с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 14.05.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за усвојување на Општински енергетски план за 2027 година

1.Се објавува: Одлука за усвојување на Општински енергетски план за 2027 година, бр.09-735/1, донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.05.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-735/2 Градоначалник
14.05.2026година на општина Кратово
Кратово Тодорче Николовски, с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024), членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" 10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.05.2026 година, донесе

О Д Л У К А

за усвојување на Општински енергетски план за 2027 година

Член 1

Со Одлуката Советот на општина Кратово го усвојува Општинскиот енергетски план за 2027 година.

Општинскиот енергетски план за 2027 година е во прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-735/1 Претседател на Советот
13.05.2026 година на општина Кратово
Кратово Љупчо Спиров, с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 14.05.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

**за објавување на** Одлука за усвојување на измена на Годишна програма за активностите на општина Кратово во областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2026 година

1.**Се објавува:** Одлука за усвојување на измена на Годишна програма за активностите на општина Кратово во областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2026 година, **бр.09-737/1**, донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.05.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-737/2 **Градоначалник**
14.05.2026година **на општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски , с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 и 9, член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово („Службен гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 13.05.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на измената на Програмата за активностите на општина Кратово во областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2026 година**

**Член 1**

Со Одлуката на Советот на општина Кратово се усвојува измената на Програмата за активностите на општина Кратово во областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2026 година.

Програмата ќе се реализира во зависност од процесот на реализација на приходите во Буџетот на општина Кратово.

**Член 2**

Во програмата со архивски бр.09-1600/2 од 27.11.2025 година во табеларниот приказ на активностите и предвидени средства за нивна реализација, во реден број 7 во делот на „опис на активност", се менува со зборовите : Еднократна парична помош од 9.000,00 денари нето износ по ученик запишан во прва година- гимназиско образование во учебната 2026/2027 година и еднократна парична помош од 3.000,00 денари нето износ по ученик запишан во прва година-сектор-угостителство и туризам во учебната 2026/2027 година. Исто така во реден број 7 во делот на „Буџет на општина Кратово" се менува износот од 100.000,00 денари во 240.000,00 денари.

Финансиските средства за учениците во прва година се обезбедуваат од Буџетот на општина Кратово.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Кратово".

09-737/1 **Претседател на Советот**
13.05.2026 година **на општина Кратово**
Кратово Љупчо Спиров, с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 14.05.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

**за објавување на** Одлука за доделување на помош од буџетот на општина Кратово

1.**Се објавува:** Одлука за доделување на помош од буџетот на општина Кратово, **бр.09-738/1**, донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.05.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-738/2 — **Градоначалник**
14.05.2026година — **на општина Кратово**
Кратово — Тодорче Николовски, с.р

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно Правилникот за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово бр.09-745/2 ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2019 и 7/2019) и членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.10/2019), Советот на Општина Кратово на седницата одржана на ден 13.05.2026 година расправајќи по Барањето бр.09-627/1 од 24.04.2026 година на Богица Зрилиќ со адреса на живеење на ул.Јове Гичев бр.12, општина Кратово, а на предлог на Комисијата за давање на предлог за доделување на помош од Буџетот на општина Кратово ја донесе следната:

О Д Л У К А

**за доделување на помош од буџетот**
**на Општина Кратово**

Член 1

Со одлуката Советот на Општина Кратово го прифаќа Барањето бр.09-627/1 од 24.04.2026 година поднесено до Општина Кратово од Богица Зрилиќ со адреса на живеење на ул.Јове Гичев бр.12, општина Кратово за доделување на парична помош за лекување и лекарства.

За таа цел согласно предлогот на Комисијата за давање на предлог за доделување на помош од Буџетот на општина Кратово на барателот му се одобруваат финансиски средства во вкупен нето износ од 4.000,00 (четири илјади) денари, согласно Правилникот за критериуми за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово бр.09-745/2 ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2019 и 7/2019).

**Член 2**

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Општина Кратово да изготви Решение за реализација на доделената помош преку Програмата А0-Совет на Општина, ставка 471-Социјални надоместоци од Буџетот на Општина Кратово за 2026 година".

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово".

Бр.09-738/1 — **Претседател на Советот**
13.05.2026година — **на Општина Кратово**
Кратово — Љупчо Спиров, с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 14.05.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства како помош за прослава на настан-Полуматура за учениците од ООУ Кочо Рацин- Кратово

1.Се објавува: Одлука за доделување на финансиски средства како помош за прослава на настан-Полуматура за учениците од ООУ Кочо Рацин- Кратово, бр.09-731/1, донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.05.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-731/2 | Градоначалник
14.05.2026година | на општина Кратово
Кратово | Тодорче Николовски, с.р

Врз основа на член 22 став (1) точка 8, член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.10.2019), одлучувајќи по Барањето бр.09-712/1 од 11.05.2026 година поднесено до Советот на општина Кратово од а ученици од деветто одделение од ООУ "Кочо Рацин"-Кратово, Советот на Општина Кратово на седницата одржана на ден 13.05.2025 година донесе:

О Д Л У К А

за доделување на финансиски средства како помош за
прослава на настан-Полуматура за учениците од ООУ "Кочо Рацин"-Кратово

Член 1

Со Одлуката Советот на Општина Кратово обезбедува финансиски средства во вкупен нето износ од 15 000 (петнаесет илјади) денари како помош за покривање на дел од трошоците предвидени за музиката по повод прослава на настан-Полуматура наменет за сите ученици од деветто одделение од ООУ "Кочо Рацин"-Кратово кој настан ќе се организира во Хотел "Кратис"-Кратово.

Член 1

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Општина Кратово да изготви Решение за реализација на доделената финансиска помош преку Програмата К4 425990- Други договорни услуги од Буџетот на општина Кратово за 2026 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово".

Бр.09-731/1 | Претседател на Советот
13.05.2026 година | на Општина Кратово
Кратово | Љупчо Спиров, с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 14.05.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за објавување на Решение за разрешување на член на Општински совет за безбедност на сообраќајот на птиштата во општина Кратово

1.Се објавува: Решение за разрешување на член на Општински совет за безбедност на сообраќајот на птиштата во општина Кратово, **бр.09-733/1**, донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.05.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-733/2 — **Градоначалник**
14.05.2026година — **на општина Кратово**
Кратово — Тодорче Николовски, с.р

Врз основа на член 22 , член 36 став 1 и точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а согласно член 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/19), а во врска со Одлука за формирање на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Кратово бр.09-928/1 од 30.06.2025 година, Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 13.05.2026 година, донесе

РЕШЕНИЕ

за разрешување на член на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Кратово

1. Со Решението, Советот на општина Кратово го разрешува Дарко Крстевски, од функцијата член и Претседател на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Кратово, именуван од страна на Советот на општина Кратово со Одлука за формирање на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Кратово бр.09-928/1 од 30.06.2025 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09 -733/1 — Претседател на Советот
13.05.2026година — на општина Кратово
Кратово — Љупчо Спиров, с.р